Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

| Примено: 03 11 2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 09 | 1186 | | |

ФРАГМА
Бр. 02-01-01/26
3.11. 2026 год.
Виница

**ДО**
**СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА**

# БАРАЊЕ

**за финансиска поддршка за закуп на простор и одобрување на пилот-проект**

**Почитувани,**

**Јас, Даниела Ристова, во својство на претседател и застапник по закон на Здружението за едукација, култура и развој на таленти и меѓугенерациска соработка ФРАГМА Виница, до Општина Виница го поднесувам следново барање:**

**1. Одобрување финансиски средства во износ од 72 000 денари годишно, наменети за подмирување на трошоците за закуп (кирија) на просторот во кој Здружението ги реализира своите редовни активности и програми за граѓаните на нашата општина.**

**2. Разгледување и одобрување на пилот-проектот за формирање и стартување на Литературен клуб во рамките на Здружението, чија цел е поддршка на младите таленти, поттикнување на пишаниот збор и збогатување на културниот живот во локалната заедница.**

**Образложение:**

**Здружението активно работи на едукација и развој на потенцијалите на децата и младите. Со цел непречено одвивање на планираните работилници, литературни средби и едукативни содржини, од исклучителна важност ни е обезбедувањето стабилен простор за работа, како и поддршка за новиот иницијативен проект.**

**Во прилог на ова барање ви доставуваме:**

- **Копија од Решението за регистрација на Здружението (Регистар на здруженија)**
- **Копија од Договорот за закуп на деловен простор**

- **Предлог-проект со детална спецификација за Литературниот клуб „Фрагма“ Виница**

**Се надеваме на позитивен одговор и успешна соработка во интерес на локалната заедница.**

**Со почит,**

**Даниела Ристова**

**Претседател на Здружението „ФРАГМА“ Виница**

**(М.П.)**

**Деловоден број: 30720260000230**

ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, преку Регистраторот Павлинка Голејшки, постапувајќи по пријавата за упис на основање на Здружение за едукација,култура,развој на таленти и меѓугенерациска соработка ФРАГМА Виница,согласно чл.4, 30,39 и 41 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица ("Службен весник на Република Македонија" бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11, 70/13, 115/14, 97/15, 192/15, 53/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 122/21,215/21 и 193/2025), чл.42 и 43 од Законот за Здруженија и фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10, 135/11, 55/16 ,239/22), го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | **7960417** |

## Деловодник

| | |
|---|---|
| **Прием на пријавата:** | 13.08.2026 |
| **Вид на упис:** | Упис на основање |
| **Одобрување на пријавата:** | 18.08.2026 |
| **Деловоден број:** | 30720260000230 |
| **Начин на доставување:** | лично |

| | |
|---|---|
| **Целосен назив на Субјектот на Упис:** | Здружение за едукација,култура,развој на таленти и меѓугенерациска соработка ФРАГМА Виница |
| **Кратко име:** | ФРАГМА Виница |
| **Седиште:** | Ул. МЛАДИНСКА Бр.20 ВИНИЦА<br>ВИНИЦА |
| **Вид на субјект на упис:** | Друго |
| **Акт:** | Статут :<br>Акт за основање од 11.08.2026 година |
| **Датум на основање:** | 11.08.2026 |
| **Времетраење:** | Неограничено |
| ***Вид на сопственост:** | Недефинирана сопственост |
| **Единствен даночен број:** | 4005026507908 |
| **Големина на субјектот:** | микро |
| **Организационен облик:** | 10.9 - останати општествени организации, фондации и здруженија на граѓани |
| **Надлежен регистар:** | Регистар на здруженија и сојузи |

## Сопственици

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 0103965497009 |
| **Име:** | **СНЕЖАНА КОСТАДИНОВА** |
| **Адреса:** | Ул. МАРШАЛ ТИТО Бр.59 ВИНИЦА<br>ВИНИЦА |
| **Тип на сопственик:** | Основач |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 1206988498018 |
| **Име:** | **СЛАВИЦА КАРЕСКА** |
| **Адреса:** | Ул. БЛАГОЈ МУЧЕТО Бр.14 ВИНИЦА<br>ВИНИЦА |
| **Тип на сопственик:** | Основач |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 1308977497009 |
| **Име:** | **КРИСТИНА СЕРАФИМОВА** |
| **Адреса:** | Ул. БРАЌА МИЛАДИНОВИ Бр.36 ВИНИЦА<br>ВИНИЦА |
| **Тип на сопственик:** | Основач |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 1508978497001 |

| | |
|---|---|
| **Име:** | **МАРИНА СПАСОВА** |
| **Адреса:** | Ул. ЛЕНИНОВА Бр.16 ВИНИЦА ВИНИЦА |
| **Тип на сопственик:** | Основач |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 1712985498001 |
| **Име:** | **ДАНИЕЛА РИСТОВА** |
| **Адреса:** | Ул. МЛАДИНСКА Бр.20 ВИНИЦА ВИНИЦА |
| **Тип на сопственик:** | Основач |

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 2508958492023 |
| **Име:** | **БЛАГОЈ ИЛИЕВ** |
| **Адреса:** | Ул. ПЛАЧКОВИЧКИ ОДРЕДИ Бр.30 ВИНИЦА ВИНИЦА |
| **Тип на сопственик:** | Основач |

## Дејности

| | | |
|---|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 94.990 | Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м. |

## Овластувања

### Овластени лица

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 1712985498001 |
| **Име:** | **ДАНИЕЛА РИСТОВА** |
| **Адреса:** | Ул. МЛАДИНСКА Бр.20 ВИНИЦА ВИНИЦА |
| **Овластувања:** | Претседател |

## Сметки

| Вид на сметка | Број на сметка | Банка | Валута | Опис |
|---|---|---|---|---|
| Трансакциска сметка | 200004376193210 | СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | MKD | |

## Дополнителни Информации

| | |
|---|---|
| **Дополнителни информации:** | Цели и задачи:<br>- откривање, поттикнување и развој на таленти;<br>- развој на индивидуалните потенцијали и способности;<br>- развој на самодоверба, самопочит и позитивна слика за себе;<br>-поттикнување креативно, критичко и логичко размислување;<br>- развој на јазичната, литературната, математичката, музичката, просторната,телесно-кинестетичката, интерперсоналната, интраперсоналната,природната и дигиталната интелигенција;<br>- унапредување на комуникациските и лидерските вештини;<br>- развој на јавниот настап и сценската култура;<br>- промоција на читањето, пишувањето и книжевното творештво;<br>- негување и афирмација на македонскиот јазик, литература, култура и традиција;<br>- поттикнување на шахот како интелектуален спорт;<br>- развој на драмската, музичката и сценската уметност;<br>- поддршка на доживотното учење;<br>- поттикнување иновативност и претприемачки дух;<br>- создавање услови за активно стареење и поголема општествена вклученост на пензионерите;<br>- развој на меѓугенерациска соработка;<br>- промоција на волонтерството и хуманоста;<br>- организирање активности од јавен интерес во областа на образованието,културата и младинската работа. |
| **КОНТАКТ:** | |
| **E-mail:** | ristovadaniela1@gmail.com |
| **Телефонски број:** | 075 379 053 |

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

1. Жалбата не го одлага извршувањето на решението , согласно чл. 41 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (Сл. весник на РМ 84/05).

2. Решено во Централен регистар на Република Северна Македонија на ден 18.08.2026 година.

3. Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби преку Централниот Регистар на Република Северна Македонија, Регионална регистрациона канцеларија Штип.

Датум и време на прием

_____

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА ШТИП

Овластено лице за регистрација:
Виолета Андонова

Потпис и печат

МАКПРОГРЕС ДОО
ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА
И ПРОИЗВОДСТВО
Бр. 03-1053/1
21.09 2026 год.

# ДОГОВОР ЗА ЗАКУП

Склучен во Виница на ден **18.09.2026 година**, помеѓу:

1. Друштво за трговија и производство **МАКПРОГРЕС ДОО Виница**, со седиште на ул. Војдан Чернодрински бр. 8 во Виница, со ЕМБС 5602092 и ЕДБ 4005002104926 и трансакциска сметка бр. 290200000048929 во ТТК Банка АД Скопје, застапувано од Управител Глигор Цветанов, како Закуподавач, од една страна и

2. Здружение за едукација, култура, развој на таленти и меѓугенерациска соработка **ФРАГМА Виница**, со седиште на ул. Младинска бр. 20 во Виница, со ЕМБС 7960417 и ЕДБ 4005026507908, застапувано од Претседател Даниела Ристова, како Закупец, од друга страна.

**Член 1**

Закуподавачот е сопственик на недвижен имот – деловен простор, заведен во Лист В од Имотен лист бр. 5906 за КО Виница, кој всушност претставува:

– КП бр. 8701, адреса Страшо Пинџур 5 бр. 1, влез 1, кат ПР, со вкупна внатрешна површина од 71 м2.

Закуподавачот го дава, а Закупецот го зема под закуп погореопишаниот деловен простор заради вршење на дејноста и остварување на целите и активностите на Закупецот како здружение на граѓани.

**Член 2**

Договорните страни се согласни за погореопишаниот недвижен имот Закупецот да му плаќа на Закуподавачот месечна закупнина во износ од 100,00 евра во денарска противвредност, пресметана по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на фактурирањето.

Во износот на закупнината не е пресметан данокот, и истиот е на товар на Закупецот.

Договорните страни се согласни првиот месец од времетраењето на закупот, односно периодот од 01.10.2026 година до 31.10.2026 година, да биде без надоместок, при што Закупецот не должи закупнина за тој период.

Обврската за плаќање на закупнината започнува да тече од 01.11.2026 година. Закупнината се плаќа за изминатиот месец, најдоцна во рок од 15 дена од истекот на месецот за кој се однесува, на банкарската сметка на Закуподавачот, врз основа на издадена фактура. Првата закупнина, за месец ноември 2026 година, достасува за плаќање најдоцна до 15.12.2026 година.

**Член 3**

Договорните страни се согласни сите трошоци кои се поврзани со користењето на закупениот недвижен имот – деловен простор (трошоци за струја, трошоци за вода и

канализација, трошоци за комунални услуги, трошоци за греење, како и трошоци за тековно одржување на недвижноста) да бидат на товар на Закупецот.

Договорните страни се согласни трошоците за осигурување на опремата и предметите кои Закупецот ги внесува во закупениот простор да паднат на товар на Закупецот.

Закупецот ја презема одговорноста за применување на сите законски прописи од областа на ХТЗ и ПП-заштита, како и трошоците за набавка на пропишаната ХТЗ и ПП-опрема за недвижниот имот кој го користи.

**Член 4**

Договорните страни се согласни Закуподавачот погореопишаниот недвижен имот – деловен простор да му го даде на Закупецот под закуп на определено време од 2 (две) години, започнувајќи од 01.10.2026 година, заклучно со 30.09.2028 година.

Времетраењето на овој договор може да се продолжи со писмен анекс или со склучување нов договор за закуп, потпишан од двете договорни страни пред истекот на рокот од став 1 на овој член.

По истекот на рокот од став 1 на овој член, доколку договорните страни не склучат анекс или нов договор, постојниот договор престанува да важи меѓу нив, а Закупецот е должен да се исели во рок кој писмено ќе биде договорен помеѓу него и Закуподавачот.

Закупецот се обврзува закупениот деловен простор да му го предаде на Закуподавачот, испразнет од луѓе и предмети, на денот на истекот на овој договор, освен во ситуација кога е постигната согласност за продолжување на времетраењето на овој договор.

**Член 5**

Закупецот е должен закупениот недвижен имот – деловен простор да го чува и со него да постапува со внимание на добар стопанственик, односно добар домаќин.

Закупецот одговара за штетата што ќе настане со употреба на закупениот недвижен имот спротивно на став 1 од овој член.

Деловниот простор, детално опишан во член 1 од овој договор, му се предава на Закупецот во видена, исправна состојба, при што Закуподавачот му гарантира непречено користење на истиот.

Закупецот има право да го користи и уредува просторот согласно своите потреби и работни активности, а поголеми градежни зафати и трајни адаптации може да врши само по претходна писмена согласност од Закуподавачот.

Денот на примопредавање на деловниот простор меѓу овластените лица на Закуподавачот и Закупецот се смета како ден од кога започнуваат да се остваруваат правата и обврските од овој договор за закуп.

Закупецот е должен, по престанувањето на закупот, закупениот недвижен имот – деловен простор да го врати неоштетен, во состојбата во која што го примил, земајќи го предвид редовното абење.

Закупецот има право закупениот недвижен имот – деловен простор да го дава во подзакуп на трети лица по претходно прибавена писмена согласност од Закуподавачот.

**Член 6**

Физичкото и техничкото обезбедување на недвижниот имот – деловен простор и опремата во него е обврска на Закупецот.

Закупецот е должен да го извести Закуподавачот за секоја непредвидена опасност која ќе настане во текот на закупот, за да може тој да ги преземе потребните мерки за заштита на деловниот простор.

**Член 7**

Договорот за закуп може да го откаже секоја договорна страна со писмено известување до другата договорна страна, доставено по пошта со препорачана пратка, со отказен рок од 30 дена.

Отказниот рок започнува да тече од денот на приемот на писменото известување за откажување на договорот од било која договорна страна, кога откажувањето на сигурен начин му е соопштено на другата договорна страна.

Раскинување на овој договор може да се изврши и со склучување спогодба помеѓу договорните страни.

Во случај на раскинување на овој договор, секоја од договорните страни е должна да ги изврши во целост обврските преземени до моментот на раскинувањето на договорот.

**Член 8**

Договорот за закуп престанува да важи во случај кога:

– со правосилна судска пресуда на Закупецот му е изречена мерка безбедност – забрана за вршење дејност;

– Закупецот без оправдани причини престане да ја обавува дејноста во просторот повеќе од 60 дена;

– ако е отворена стечајна постапка или постапка за ликвидација на една од договорните страни, односно постапка за бришење на Закупецот од Регистарот на здруженија и фондации;

– ако Закупецот доцни со плаќање на закупнината повеќе од 30 дена од достасаноста, а не ја плати ниту во дополнителен рок од 8 дена по писмена опомена од Закуподавачот.

**Член 9**

За сè она што не е уредено со овој договор важат одредбите од Законот за облигационите односи и другите позитивни законски прописи.

**Член 10**

Во случај на спор договорните страни се согласни истиот да го решат спогодбено, по мирен пат. Во спротивно, надлежен е Основниот суд во Виница.

**Член 11**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, по 1 (еден) за секоја од договорните страни и 2 (два) за службена употреба.

Закуподавач
МАКПРОГРЕС ДОО Виница

Управител
Глигор Цветанов

Закупец
ФРАГМА Виница

Претседател
Даниела Ристова

Јас, НОТАР Билјана Николова-Акимов
за подрачјето на Основен Суд Виница, ул.Браќа Миладинови бр.37

Потврдувам дека
за ДТП МАКПРОГРЕС ДОО Виница , ул.Војдан Чернодрински бр.8, Виница, ЕМБС: 5602092, застапникот по закон Глигор Цветанов, ул.Раде Кратовче бр.4, Виница, во мое присуство го призна потписот на писменото за свој, за Здружение за едукација,култура,развој на таленти и меѓугенерациска соработка ФРАГМА Виница, ул.Младинска бр.20, Виница, ЕМБС: 7960417, застапникот по закон Даниела Ристова, ул.Младинска бр.20, Виница, во мое присуство своерачно го потпиша писменото,
Идентитетот на учесникот го утврдив самиот врз основа на лична карта бр.: М0474000 Издадена од МВР Виница и врз основа на лична карта бр.: М1025194 Издадена од МВР Виница

Потписот - ракознакот на писменото е втиснат.

Согласно чл. 86 став (4) од Законот за нотаријатот, учесниците се известени дека нотарот не е одговорен за содржината на писменото ниту е должен да испитува дали учесниците се овластени за таа правна работа.

Нотарската такса за заверка по тарифен број 10 т. 2 од Законот за судски такси во износ од 200 денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.

Нотарската награда е пресметана во износ од 400 денари.

Број УЗП 3552/2026

Во Виница 23.09.2026

НОТАР

Билјана Николова-Акимов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПОМОШНИК - НОТАР
АДРИЈАНА НИКОЛОВА-ЃОРЃИЕВА
за подрачјето на Основниот суд во Виница

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Основниот суд Виница
за подрачјето
НОТАР
БИЛЈАНА НИКОЛОВА
- АКИМОВ
ВИНИЦА

ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТ

# Литературен клуб на Здружението „ФРАГМА“ Виница

## 1. Основни податоци

**Носител на проектот:** Здружение за едукација, култура и развој на таленти „ФРАГМА“ Виница

**Времетраење:** 6 месеци (пилот-фаза)

**Целна група:** Деца, млади и возрасни, вклучувајќи постари лица преку меѓугенерациска компонента.

**Баран износ:** 157.500 МКД (≈ 2.560 €)

## 2. Контекст и оправданост

Регионот располага со богато јазично, книжевно и фолклорно наследство кое не е системски документирано ниту достапно на поширокатa јавност. Истовремено, недостасуваат структурирани вон-училишни програми преку кои децата и младите можат да го развијат творечкото писмено изразување, а постарите генерации да пренесат знаење и сеќавања преку жив контакт со помладите.

Литературниот клуб одговара на двете потреби истовремено: развива креативност кај учесниците и, паралелно, документира материјал што инаку останува незапишан.

## 3. Цел на проектот

**Општа цел:** Развој на читателска, творечка и јазична култура кај деца, млади и возрасни, преку структурирани активности на новоформиран Литературен клуб, со паралелно документирање на регионалното јазично и фолклорно наследство.

## 4. Специфични цели и индикатори

| Специфична цел | Индикатор | Целна вредност |
|---|---|---|
| Формирање на редовно функционален Литературен клуб | Број на редовни членови на клубот | мин. 20 членови |
| Континуитет на работилници | Број на одржани работилници за креативно пишување и читање | 40 работилници за 6 месеци |
| Документирање на регионално | Број на собрани и | мин. 10 записи |

| | | |
|---|---|---|
| јазично/фолклорно наследство | дигитализирани интервјуа/записи | |
| Афирмација на творештвото на членовите | Издаден зборник со творби | 1 публикација, мин. 15 автори |
| Задоволство на учесниците | Процент на позитивни одговори на завршна анкета | мин. 80% |

## 5. Активности

- Формирање на Литературен клуб и прием на членови (деца, млади, возрасни, пензионери).
- Редовни работилници за креативно пишување, читање и книжевна анализа (2 пати неделно во траење од по 60 до 90 минути).
- Теренско собирање и дигитализирање на јазичен, дијалектолошки и фолклорен материјал од постарите жители.
- Организирање литературни читања и средби со автори.
- Уредување, лекторирање и печатење зборник со творби на членовите.
- Завршна литературна вечер/јавна промоција на зборникот.

## 6. Временска рамка

| Активност | M1 | M2 | M3 | M4 | M5 | M6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Формирање клуб и прием на членови | X | | | | | |
| Редовни работилници (2x неделно) | X | X | X | X | X | X |
| Теренско собирање фолклорен материјал | | X | X | X | | |
| Литературни читања / средби со автори | | X | | X | | X |
| Уредување и подготовка на зборник/алманах | | | | X | X | |
| Печат и промоција на зборник/алманах | | | | | | X |
| Мониторинг и завршен извештај | | | | | | X |

## 7. Буџет

| Ставка | Опис | Износ (МКД) |
|---|---|---|
| Хонорари за ментори и предавачи | 6 месеци (~4 ч. неделно: 2 ч. работилници + 2 ч. подготовка/уредување) | 60.000 |
| Материјали за работилници | Хартија, канцелариски материјал, книги за читање | 15.000 |
| Теренски трошоци за собирање фолклорен/јазичен материјал | Патувања, изнајмување снимач/диктафон | 15.000 |
| Печат на зборник со творби | 100 примероци, А5, мек повез | 40.000 |
| Завршна литературна вечер/промоција | Простор, озвучување, освежување | 20.000 |
| Административни трошоци | 5% од директни трошоци | 7.500 |
| **ВКУПНО** | | **157.500 МКД (≈ 2.560 €)** |

## 8. Сопствен придонес

- Волонтерско време, стручна координација и административен ангажман на раководството и членовите на Здружението.
- Постоечка стручна експертиза и педагошко искуство на членовите основачи во областа на македонскиот јазик и литература.

## 9. Мониторинг и известување

Редовен внатрешен мониторинг и водење проектна евиденција од страна на Претседателот / Координаторот на проектот:

- Регистар на присуство на секоја работилница.
- Фото/аудио документација од активностите.
- Завршна анкета за задоволство на учесниците.

- Финален наративен и финансиски извештај до донаторот (Општината).

## 10. Одржливост по завршување на проектот

По истекот на пилот-фазата, клубот продолжува да функционира преку редовна членрина, волонтерски ангажман на членовите и приход од продажба на зборникот. Собраниот фолклорен материјал станува основа за идна дигитална архива предвидена во Статутот на Здружението, отворајќи можност за понатамошно аплицирање кон дополнителни извори на финансирање.

**Датум:** 3.11.2026 година
**Место:** Виница

**Претседател на Здружението**
**„ФРАГМА“ Виница**

М.П.